Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02 - 2045/1
29-10-2024 2024 год.
СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно законските надлежности од чл.36 ст.1 алинеја 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19) во врска со чл.2 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување бр.01-548/1 од 30.03.2022 година, на 503-та седница одржана на 24.10.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ФОРМИРА Комисија** за оценување на работата на кандидати за членови на Судскиот совет на РСМ и кандидати за претседатели на Апелационен суд Битола, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кочани и Основен суд Струмица, во состав од:

- **м-р.Тања Чачарова Илиевска** – претседател на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ);
- **Ханиф Зендели** – член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ);
- **Исамедин Лимани –** член на Комисијата (член на Судскиот совет на РСМ).

Комисијата за оценување на работата на судија ја утврдува исполнетоста на критериумот квалитет и квантитативниот критериум согласно чл.4 и 5 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување бр.01-548/1 од 30.03.2022 година и согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на РСМ и тоа за периодот од 01.01.2023 година заклучно со 31.10.2024 година, вонредно оценување.

Комисијата за оценување на работата на претседател на суд оценувањето го врши согласно Законот за Судскиот совет на РСМ и Методологијата за квалитативно оценување на претседателите на судовите и тоа за периодот од 01.01.2023 година заклучно со 31.10.2024 година, вонредно оценување.

Согласно чл.7 од Правилникот за формирање и работење на Комисиите на Судскиот совет на Република Северна Македонија за редовно и вонредно оценување, Комисијата потребно е да донесе одлука за започнување на постапката за оценување на работата на судија и претседател на суд, а согласно чл.8 од Правилникот да ја координираат работата на Комисиите за увид и оцена, да даваат насоки и наптствија за работата на Комисиите за увид и оцена, да расправаат по спорните прашања во врска со постапката за оценување, да даваат предлози и вршат други работи во врска со постапката за оценување согласно закон. Комисијата согласно чл.9 од Правилникот потребно е до Советот да предложи конечна оценка за работата на судијата и на претседателот на судот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**

Одобрил; Весна Толева